**Македонија и Косово со заеднички сили кон нови инвестиции**

Македонските и косовските бизнисмени заедно ќе инвестираат на странските пазари.
Досегашната добра соработка мора да се прошири за да се отворат можности за партнерски инвестиции.
Министрите за економија на двете земји Ахмет Шаља и Фатмир Бесими на 16.12.2009 година потпишаа договор за економска соработка.

Со договорот се создаваат поволни услови за продлабочување на соработката меѓу Македонија и Косово во областа на енергетиката, инфраструктурата, транспортот, земјоделската и прехранбената индустрија, фармацевтската и хемиската индустрија, шумарството и дрвната индустрија, градежништвото, туризмот, заштитата на животната средина и друго.

Косово е значаен трговски партнер на Македонија и повеќе години е земја со која остваруваме најголема трговска размена и значаен суфицит. Договорот претставува добра можност за продлабочување на одличната економска соработка меѓу двете земји проследена со веќе потпишаниот договор за слободна трговија - рече министерот Бесими.

Двете страни за побрза реализација двете страни ќе формираат комитет со работни групи за заживување на договорот во пракса.